GENERALI INVESTMENTS

**НЛБ Склади доби регулаторна согласност за преземање на Генерали Инвестментс**

Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија донесе Решение со кое му дава согласност на правното лице **„НЛБ Склади" доо**, друштво за управување со средства со седиште во Љубљана, Република Словенија, да се стекне со квалификувано учество над 50%, односно со **100% од вкупно издадените акции** на Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови **„Генерали Инвестментс" АД Скопје**.

Трансакцијата за стекнување на акциите треба да се реализира во рок од **90 календарски дена** од денот на добивање на согласноста од Комисијата. Во моментот на поднесување на барањето, „НЛБ Склади" доо не поседува акции во Друштвото за управување „Генерали Инвестментс" АД Скопје. „НЛБ Склади" доо е друштво за управување со средства кое е во целосна сопственост на **„Нова Љубљанска Банка" дд Љубљана**.

Во рамки на својата стратегија за инвестирање и управување, „НЛБ Склади" доо ги елаборира идните активности поврзани со друштвото што се презема, вклучувајќи го развојот на производите што ќе се нудат, каналите на дистрибуција, политиката на вработување, финансиските проекции, како и можните промени во брендот и корпоративното управување.

Дополнително, стратегијата предвидува и **регионално проширување во рамки на НЛБ групацијата**, со цел зајакнување на присуството на пазарот и обезбедување иновативни и квалитетни финансиски решенија за клиентите.

26.04.2024

Друштво за управување со отворени и
затворени инвестициски фондови
**Генерали Инвестментс АД Скопје**